РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-910/1

26-02-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 15-та седница одржана на 21.02.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-2958/1 од 18.11.2024 година, со која се оспорува законитоста на именувањето на член на Комисијата на Агенцијата за ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека условите од член 16 став 1 алинеа 1, 2, 3 и 6 од Законот за електронските комуникации за именување на наведото лице се исполнети, додека во однос на член 16 став 1 алинеа 4 и 5 условите не се исполнети, поради што наводите од пријавата се потврдуваат.

ДКСК Одлуката ќе ја достави до Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Македонија, за информирање.

Предметот со број 12-2958/1 од 18.11.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Пријавата со број 12-2958/1 од 18.11.2024 година е поднесена од познат подносител со наводи за сомневање за повреди на одредбите од Законот за електронски комуникации, во однос на исполнување на условите на лицето -------- за именување за член на Комисијата на Агенцијата за ----------, утврдени во членот 16 став 1 од Законот за електронски комуникации.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, ДКСК изврши увид во јавно достапните информации објавени на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 12.11.2024 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе Одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за ---------- број 08-5427/1, со која покрај другите, го именуваше лицето ---------- за член на Комисијата на Агенцијата за ----------.

Во постапката за именување за член на Комисијата на Агенцијата за ---------- во Собранието на РСМ, од страна на лицето ----------, доставена била следната документација:
- Уверение за државјанство, заверено на нотар,
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност од Централниот регистар на РСМ од 17.09.2024 година, издадена од Централен регистар на РСМ,
- Диплома за завршено високо образование (прв циклус на студии) на Прв Европски Универзитет, Факултетот за јавна администрација,
- Диплома за завршен втор циклус на студии на Универзитетот Гоце Делчев- Штип, Правен факултет, заверено на нотар,
- Потврди за работно искуство,
- Сертификат за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Во членот 16 став 1 од Законот за електронски комуникации се утврдени условите кои треба да ги исподнува едно лице, како би можело да биде именувано за член:
"За член може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови
- да биде државјанин на РСМ,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- активно го користи македонскиот јазик,
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на информатиката, телекомуникациите, правото или економијата,
- има најмалку пет години соодветно работно искуство и посебни знаења од областа на електронските комуникации,

- поседува сертификат за познавање компјутерски програми за канцелариско работење."

Во однос на секој од наведените услови поединечно, ДКСК констатираше:

- Видно од доставената документација, за исполнување на условот предвиден во член 16 став 1 од Законот за електронски комуникации, да биде државјанин на РСМ, од страна на наведеното лице доставено е Уверение за државјанство, издадено од МВР на РСМ, со кое се докажува дека лицето е државјанин на РСМ, кој доказ е доставен за предвидениот услов.

- Видно од доставената документација, за исполнување на условот предвиден во член 16 став 1 алинеја 2 од Законот за електронски комуникации, со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, од страна на пријавеното лице доставена е Потврда од Централниот регистар на РСМ дека на истиот не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност од 16.09.2024 година.

- Видно од доставената документација, за исполнување на условот утврден во членот 16 став 1 алинеја 4 од Законот за електронски комуникации, да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на информатиката, телекомуникациите, правото или економијата, од страна на лицето се доставени:
-Диплома за завршено високо образование (прв циклус на студии) издадена од Прв Европски Универзитет, Факултетот за јавна администрација реден број 1200 од 30.09.2009 година, со што се стекнала со право на стручен назив - дипломиран јавен администратор.
- Диплома за завршен втор циклус на студии издадена од Универзитетот Гоце Делчев- Штип, Правен факултет со реден број 16215 од 04.06.2014 година, за завршени универзитетски студии по јавна администрација, со што се стекнала со научен назив Магистер по правни науки- насока јавна администрација.

Во Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) (Службен весник на РСМ бр. 91/2024), се утврдени научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) каде во Научно подрачје Подрачје 5-Општествени науки, шифра Научно поле 5.06 Политички науки, Научното потполе 5.06.01 е Јавна администрација.

- Видно од доставената документација, за исполнување на условот предвиден во член 16 став 1 алинеја 5 од Законот за електронски комуникации, да има најмалку пет години соодветно работно искуство и посебни знаења од областа на електронските комуникации од страна на пријавеното лице доставени се:
- Потврда од фирмата ---------- ДООЕЛ Скопје издадена на 09.09.2024 година, чија основна дејност е производство и интеграција на комуникациски системи, со која се потврдува дека лицето ---------- во периодот од 2017 до 2022 година била ангажирана како надворешен соработник со договор на дело за учество и реализација на комуникациски системи при што работела на проекти реализирани во РСМ и во земјите на ЕУ.
- Потврда од фирмата ---------- ДОО Скопје издадена на 15.09.2024 година, со која се потврдува дека лицето ---------- во периодот од јуни 2012 до септември 2016 година била ангажирана како надворешен соработник со договор на дело за учество и реализација на комуникациски системи при што работела на проекти за изградба на комуникациски системи за Телеком и кабелските оператори во РСМ.
Овие две потврди го потврдуваат времето на работен ангажман со договор за дело како надворешен соработник на лицето ----------, но не и потребното работно искуство кое се бара со членот 16 став 1 алинеја 5.

Дополнително, со цел утврдување на исполнетоста на условот за работното искуство, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации со бр. 12-2958/2 од 16.12.2024 година до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Во законски утврдениот рок беше доставен бараниот документ, каде е наведено дека лицето е во работен однос сметано од 03.05.2000 година се до денот на издавање на историјатот 16.12.2024 година во приватни правни лица ---------- ДООЕЛ Скопје, ----------ДООЕЛ Скопје и ---------- ДООЕЛ Скопје. Податоците укажуваат дека лицето има евидентирано работен стаж од вкупно четири години и седум месеци.

Договорите за дело и авторските договори не се дел од работното законодавство односно истите не претставуваат правни институти врз основа на кои може да се заснова работен однос, како што се договорите за вработување на определено и неопределено време, согласно Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници. Договорите за дело се облигациони договори и се уредуваат согласно Законот за облигационите односи, додека пак авторските договори се уредуваат согласно Законот за авторско право и сродните права и Законот за облигационите односи.

- Видно од доставената документација, за исполнување на условот предвиден во членот 16 став 1 алинеја 6 од Законот за електронски комуникации, да поседува сертификат за познавање компјутерски програми за канцелариско работење, од страна на пријавеното лице доставен е Сертификат за активно познавање на Компјутерски програми за канцелариско работење и користење на интернет од септември 2024 година, издаден од Алгоритам Центар- едукативен компјутерски центар.

Врз основа на горенаведената фактичка состојба, ДКСК утврди дека согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот број 12-2958/1 од 18.11.2024 година и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДКСК Одлуката ќе ја достави до Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Македонија, за информирање.

Претседател,

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје * * * KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut Shkup

Изготвил: П.Б.,советник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата